РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр.08-329

Скопје 28.07.2017г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-329 од 14.07.2017 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-3376/11 од 27.07.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26-та седница одржана на 27.07.2017 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година.

### Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25-тата седница одржана на 17.07.2017 година, по Предлог на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-329 од 14.07.2017 година покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, во врска со член 82 став 1 алинеја 2, а во согласност со член 83 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), врз основа на Заклучокот, бр.02-3233/2 од 17.07.2017 година.

Во врска со наведеното, од страна на Агенцијата на 18.07.2017 година, до погоренаведениот радиодифузер беше испратено Известување Уп1 бр.08-329 дека доколку веднаш не го усогласи своето работење со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и не отпочне со емитување радио програма, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година.

Со цел Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да добие информација дали радиодифузерот постапил по горенаведеното Известување Уп1 бр.08-329 од 18.07.2017 година, до Агенцијата за електронски комуникации на

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

17.07.2017 година испрати Известување со барање за мониторинг на фреквенцијата на Радио Б-97 ДООЕЛ Битола, наш арх.бр.03-2573/6.

На 26.07.2017 година по електронски пат на официјалната адреса на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: contact@avmu.mk, од страна на ТРДД Б-97 ДООЕЛ Битола доставено е Известување, наш арх.бр.Уп1 бр.08-329, дека радиодифузерот на 25.07.2017 година откако ги отстранил сите објективни причини отпочнал со емитување на редовната 24 часовна радио програма, според програмската шема, која ја има планирано во дозволата за радио емитување.

Потоа, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на Агенцијата за електронски комуникации на 27.07.2017 година, беше доставен Извештај од извршени мерења на радиофреквенцијата на Радио Б-97 ДООЕЛ Битола, 0901-2089/2, наш арх.бр.03-2573/7 од 27.07.2017 година, со кој ја извести дека стручна екипа од Агенцијата за електронски комуникации направила контролни мерења од фиксна мониторинг станица на локација Битола во период од 18.07.2017 година до 27.07.2017 година, при што меѓудругото било констатирано дека наведениот радиодифузер почнал да емитува радио програма од 25.07.2017 година од 14:00 часот.

Во врска со погоренаведениот Извештај доставен од страна на Агенцијата за електронски комуникации, на 27.07.2017 година од страна на Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, до Директорот на Агенцијата и до Секторот за правни и економско-финансиски работи беше испратено Известување, наш арх.бр.03-2573/8, дека радиодифузерот ги отстранил причините за одземање на дозволата за радио емитување, со предлог Агенцијата да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување.

Следствено на сето погоре наведено, со оглед на тоа што Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола го усогласи своето работење со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и отпочна со емитување радио програма, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со предлогот Уп1 бр.08-329 од 27.07.2017 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-3376/11 од 27.07.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26-та седница одржана на 27.07.2017 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола;
- Управител на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола;
- Секторот за информатичка подршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.